19-2914/11

09.11 2018 год.

Друштво за производство, трговија и услуги
РИКИ-Јуниор
ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 228-1/18
09.11 2018 год.
КОЧАНИ

**Д О Г О В О Р ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ**
**по спроведена постапка БПП-О бр.19-2914/2018**
склучен на ден __.11.2018 г. помеѓу следните

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

А) Општина Крива Паланка
ул. „ Св.Јоаким Осоговски “ бр.175 Крива Паланка
застапувана од Градоначалникот Борјанчо Мицевски
(во понатамошниот текст **договорен орган**) од една страна , и

**Б) Рики Јуниор ДООЕЛ Кочани ул.Ленинова бб Кочани**
(назив, адреса, седиште и држава на економскиот оператор) застапуван од управителот **Татјана Величкова** (во понатамошниот текст Носител на набавката – **економски оператор)** од друга страна.

**ДЕФИНИЦИИ**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:
1)„Договорен орган“- е субјект дефиниран во член 4 од ЗЈН.
2)„Економски оператор“ – е носител на набавката:домашно или странско правно или физичко лице дефиниран во член 3 став 1 точка 13 од ЗЈН.
3) „Стоки “ се артикли потребни за потребите на општина Крива Паланка , согласно техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација.
4) „Договорна цена“ е цената која ја побарува економскиот оператор, согласно понудбената документација - како што е утврдено во овој Договор.
5) „Испорака“ значи предавање на предметот на набавката од страна на економскиот оператор на договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договор, на начин на кој договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките.

**I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е набавка на канцелариски материјали за потребите на Општина Крива Паланкаспоред условите наведени во спецификацијата на тендерската документација, по спроведена постапката со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас бр.19-2914/2018 на договорниот орган Општина Крива Паланка .

**II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Вкупната цена за реализација на набавката предмет на овој договор изнесува 300.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност

Вкупната вредност на набавката од овој договор со данокот на додадена вредност изнесува 354.000,00 денари, согласно цените дадени во понудата која е состав на овој договор.

| | Ред. Бр. | Опис | Единица мерка | количина | Единечна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | |
| р.б. | | ПРОИЗВОДИ ОД ХАРТИЈА | | | |
| 1 | 1 | Фотокопирна хартија бела, А4 формат,минимум 1/500, 80g/m$^2$, | топ | По потреба | 202,41 |
| 2 | 2 | Фотокопирна хартија бела, А3 формат, минимум 1/500, 80g/m$^2$, | топ | По потреба | 205,84 |
| 3 | 29 | Тетратка со спирала А4 минимум 50 листа | парче | По потреба | 20,84 |
| 4 | 30 | Тетратка со спирала А5 минимум 50 листа | парче | По потреба | 10,29 |
| 5 | 31 | Каса прими (карбонизирани), со димензии 20x9,5cm, минимум 1/100 листови | кочан | По потреба | 15,44 |
| 6 | 32 | Каса исплати (карбонизирани), со димензии 20x9,5cm, минимум 1/100 листови | кочан | По потреба | 15,44 |
| 7 | 36 | Приемници, А5 формат (карбонизирани), минимум 1/100 листови | кочан | По потреба | 24,01 |
| 8 | 38 | Испратници, А5 формат (карбонизирани), минимум 1/100 листови | кочан | По потреба | 24,01 |
| 9 | 42 | Налог за книжење (образец А4) минимум 100 листови | кочан | По потреба | 1,72 |
| 10 | 43 | Патен налог-патна сметка (образец), минимум 100 листа | кочан | По потреба | 34,31 |
| 11 | 44 | Налог за користење патничко возило за деловни потреби А5 минимум 100 листа | кочан | По потреба | 27,45 |
| 12 | 46 | Пописна листа - основни средства, А4 формат, минимум 1/100 листови | кочан | По потреба | 3,43 |
| 13 | 50 | Деловодник, Б4 формат од минимум 100 листа | парче | По потреба | 10,29 |
| 14 | 51 | Деловодник, Б4 формат од минимум 200 листа | парче | По потреба | 10,29 |
| 15 | 52 | Деловодник, Б4 формат од минимум 300 листа | парче | По потреба | 68,61 |
| 16 | 56 | Книга на излезни фактури, Б4 формат минимум 100 листови | парче | По потреба | 6,86 |
| 17 | 58 | Книга на влезни фактури, Б4 формат, минимум 100 листа | парче | По потреба | 51,46 |
| 18 | 60 | Интерно доставна книга, Б4 формат, минимум 100 листа | парче | По потреба | 51,46 |
| 19 | 61 | Книга за евиденција на примена пошта, Б4 формат, минимум 100 листа | парче | По потреба | 3,43 |
| 20 | 62 | Книга за евиденција на испратена пошта, Б 4 формат, минимум 100 листа | парче | По потреба | 3,43 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 21 | 63 | Дневник на благајна, А4 формат, минимум 100 листа | парче | По потреба | 51,46 |
| 22 | 71 | Образец ПП 50 налог за јавни приходи, минимум 1/100 листови | кочан | По потреба | 17,15 |
| 23 | 72 | Образец ПП 60 налог за плаќање кон небуџетски институции, минимум 1/100 листови | кочан | По потреба | 15,44 |
| 24 | 74 | Образец ПП 70 барање за плаќање на јавни давачки и за плаќања помеѓу буџетски корисници, минимум 1/100 листови | кочан | По потреба | 15,44 |
| 25 | 76 | Образец ПП 73 барање за безготовински поврат на средства, минимум 1/100 листови | кочан | По потреба | 15,44 |
| 26 | 86 | Коверти мали Ц6, со димензии 114х162 со лента самолепливи | парче | По потреба | 1,37 |
| 27 | 87 | Коверти, со димензии 110x230mm со лента самолепливи | парче | По потреба | 1,37 |
| 28 | 88 | Коверти со лев/десен прозор, со димензии 110x230mm со лента самолепливи | парче | По потреба | 1,37 |
| 29 | 89 | Коверти средни Б5, со димензии 176x250 со лента самолепливи | парче | По потреба | 2,06 |
| 30 | 90 | Коверти големи Б4, со димензии 250x353 со лента самолепливи | парче | По потреба | 2,92 |
| 31 | 95 | Стик блокче самолепливо со минимум димензии 75/75mm, пакување од најмалку 1/100 листа | пакување | По потреба | 13,72 |
| | | **ПРИБОР ЗА АРХИВИРАЊЕ** | | По потреба | |
| 32 | 102 | Папка со шетачки метален механизам, со прозирна пластифицирана прва страна А4 формат, пластична | парче | По потреба | 12,01 |
| 33 | 103 | Папка, хромо картон со преклоп, А4 формат минимум 280gr | парче | По потреба | 5,15 |
| 34 | 104 | Папка со врвки и клапна, А4 формат, изработени од сива лепенка облепени со хартија во боја | парче | По потреба | 13,72 |
| 35 | 105 | Папка картонска А4 со ластик | парче | По потреба | 17,15 |
| 36 | 106 | Папки PVC со ластик А4 формат | парче | По потреба | 20,58 |
| 37 | 107 | Најлонски УП папки за документи, перфорирани, А4 формат, од минимум 30 микрони, 1/100 | пакување | По потреба | 85,77 |
| 38 | 108 | Регистратори А5 со кутија изработен од сива лепенка и облепен со хартија во боја ширина минимум 8cm, во повеќе бои | парче | По потреба | 17,15 |
| 39 | 109 | Регистратори А4, со кутија изработен од сива лепенка и облепен со хартија во боја ширина минимум 8cm, во повеќе бои | парче | По потреба | 65,18 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 40 | 112 | Архивска кутија со врвка, минимум димензии 360x260x130mm | парче | По потреба | 54,89 |
| 41 | 113 | Архивска кутија со врвка, минимум димензии 400x330x140mm | парче | По потреба | 54,89 |
| | | **ПРИБОР ЗА ПИШУВАЊЕ** | | По потреба | |
| **42** | 114 | Хемиско пенкало еднократно (траг од 0,5mm до 07 mm), во сина боја | парче | По потреба | 10,29 |
| **43** | 117 | Хемиско пенкало со клик механизам и клипса (траг од 0,5mm до 07mm), во сина боја | парче | По потреба | 10,29 |
| 44 | 118 | Хемиско пенкало со клик механизам и клипса (траг од 0,5mm до 07 mm), во црвена боја | парче | По потреба | 1,72 |
| **45** | 123 | Молив со гума со тврдина на графит HB | парче | По потреба | 5,15 |
| **46** | 124 | Молив без гума со тврдина на графит HB | парче | По потреба | 3,43 |
| **47** | 125 | Патент молив минимум 0,5 со метална клипса | парче | По потреба | 13,72 |
| **48** | 126 | Мини за патент молив минимум 0,5, минимум 1/12 миници во кутија | пакување | По потреба | 10,29 |
| **49** | 127 | Маркер текст за потцртување на текст за еднократна употреба (во различни бои) | парче | По потреба | 17,15 |
| 50 | 129 | Маркер пластичен со остар врв (перманентен) дебелина на траг од 1-5 mm | парче | По потреба | 13,72 |
| **51** | 131 | Маркер за ЦД минимум 1mm разни бои | парче | По потреба | 13,72 |
| **52** | 132 | Линијар пластичен, минимум 30cm | парче | По потреба | 6,86 |
| **53** | 133 | Линијар пластичен, минимум 50cm | парче | По потреба | 10,29 |
| **54** | 135 | Острилка метална со минимум димензии 2,5x 1,5cm | парче | По потреба | 10,29 |
| **55** | 137 | Гума за бришење молив минимум 20x20x10mm | парче | По потреба | 6,86 |
| | | **КАНЦЕЛАРИСКИ ПРИБОР** | | По потреба | |
| 56 | 142 | Хефталица за иглици N. од 24/6 до 26/6 за хефтање мин 40 листови | парче | По потреба | 137,23 |
| **57** | 143 | Хефталица за иглици N. од 23/6 до 23/13 за хефтање до 100 листови | парче | По потреба | 34,31 |
| **58** | 147 | Хефт иглици N. 24/6 пакување од најмалку 1/1000 | пакување | По потреба | 17,15 |
| 59 | 151 | Хефт иглици N. 23/13 пакување од најмалку 1000 | пакување | По потреба | 6,86 |
| **60** | 153 | Спојувалки за хартија 28mm минимум 1/100 спојувалки | пакување | По потреба | 17,15 |
| **61** | 155 | Спојувалки за хартија 50mm минимум 1/50 спојувалки | пакување | По потреба | 17,15 |
| 62 | 156 | Празна магнетна кутија за спојувалки минимум висина 9,5cm ширина 4,5cm | парче | По потреба | 20,58 |
| **63** | 157 | Дехефталка за отхефтување | парче | По потреба | 17,15 |
| **64** | 163 | Перфоратор за дупчење најмногу до 20 листа со граничник и маркер за | парче | По потреба | 137,23 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | центрирање | | | |
| **65** | 171 | Ножици канцелариски со ПВЦ дршка и нож од челик со должина на целата ножица од 21-26cm | парче | По потреба | 34,31 |
| 66 | 173 | Коректурен лак со разредувач сет 2/1, пакување од мин 20ml | сет | По потреба | 24,01 |
| **67** | 174 | Салотејп, димензии минимум 15mmx33m | парче | По потреба | 8,58 |
| **68** | 175 | Салотејп широк, прозирен и или кафеав, минимум димензии 50mm x66m | парче | По потреба | 20,58 |
| 69 | 176 | Држач пластичен за селотејп со минимум димензии 15x33mm | парче | По потреба | 6,86 |
| **70** | 177 | Држач за селотејп магацински со рачка за селотејп мин.50x66mm | парче | По потреба | 3,43 |
| **71** | 178 | Лепак во туба универзален, прозирен, минимум 40gr | парче | По потреба | 13,72 |
| 72 | 181 | Универзално лепило во форма на маркер (стик), прозирно минимум 15gr.) | парче | По потреба | 17,15 |
| **73** | 183 | Мастило за тампон, сина и црна боја, пакување од минимум 30ml | парче | По потреба | 17,15 |
| **74** | 184 | Јастуче за печат, со димензии минимум 60x100mm | парче | По потреба | 24,01 |
| **75** | 185 | Рачно индиго со минимум 1/100 листови | пакување | По потреба | 17,15 |
| **76** | 194 | Калкулатор со минимум димензии 150x180x30mm со дисплеј од минимум 12 бројки, канцелариски, соларно и батерија | парче | По потреба | 102,92 |
| **77** | 195 | Корпи за отпадоци метални мрежасти минимум 10L | парче | По потреба | 102,92 |
| **78** | 199 | Пластични опаковки за компакт диск CD | парче | По потреба | 3,43 |
| **79** | 200 | Хартиени опаковки за компакт диск CD | парче | По потреба | 1,72 |
| 80 | 202 | Компакт диск со пластична опаковка CD-R, минимум 700 MB | парче | По потреба | 13,72 |
| **81** | 204 | Компакт диск DVD R со пластична опаковка, минимум 4,7 Gb | парче | По потреба | 15,44 |
| **82** | 211 | USB минимум 16 GB | парче | По потреба | 257,30 |
| 83 | 245 | Коцки со ливчиња во пластична кутија, минимум 800 ливчиња, во повеќе бои | парче | По потреба | 10,29 |

## III. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Договорот се склучува на одредено време за период од една година од денот на неговото потпишување од двете договорни страни или до искористување на вредноста на договорот.

## IV. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Договорните страни се согласни плаќањето на цената од член 2 од овој договор да се изврши на следниот начин: вирмански врз основа на доставена месечна фактура, во рок од 30 дена од приемот на фактурата по извршени набавки и потпишување на Раководителот на одделение за правни и општи работи .

Носителот на набавката фактурите заедно со испратниците ги доставува до архивата на Општина Крива Паланка ул. Св.Јоаким Осоговски бр.175 Крива Паланка.

## V. РОК НА ИСПОРАКА

**Член 5**

Носителот на набавката е должен да ги обезбедува потребните стоки, кои се предмет на договорот , континуирано за времетраење на договорот за јавна набавка.

## VI. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 7**

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна мора да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Овој договор може да се раскине и пред истекот на времето и исполнување на износот на кој е склучен ако:

- носителот на набавката неоправдано ги зголемил цените,
- носителот на набавката не ги обезбедува побаруваните стоки;
- договорниот орган за стоката не ја исплати фактурата во утврдениот рок;
- од било кои причини престане потребата кај договорниот орган од предметна набавка од член 1 од овој договор и во други случаи утврдени со закон

**Член 8**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа писмено да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање по писмен пат.

Доколку договорот се раскине по вина на носителот на набавката, може да се склучи Договор за јавна набавка со второрангираниот економски оператор, согласно Законот за јавни набавки.

## VII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Договорните страни се согласни доколку во случај Носителот (извршителот) на набавката да не ги има стоките предмет на набавка во продажните места на денот на набавката, должен е да ги обезбеди истиот ден, во спротивно е должен да му плати на договорниот орган (нарачателот) договорна казна во висина од 3% од вкупната вредност на поединечната набавка, за секој ден на доцнење.

Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната цена определена со член 2 од овој договор.

Наплатата на договорната казна Носителот на набавката не го ослободува од одговорност да плати претрпена штета на Договорниот орган за неизвршена испорака.

## VIII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

За правата и обврските кои не се регулирани со овој договор, а се во врска со неговото исполнување ќе се применува Законот за облигациони односи.

**Член 11**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**Член 12**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено, со склучување на Анекс на Договорот.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмен облик и согласно позитивните законски прописи во Република Македонија, како и Законот за Јавни набавки.

**Член 13**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Куманово .

**Член 14**

Овој Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои по 4 (четири) за Договорниот орган и 2 (два) за Економскиот оператор.

| | |
|---|---|
| ***ДОГОВОРЕН ОРГАН*** | ***ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР*** |
| **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** | **Рики Јуниор ДООЕЛ Кочани** |
| **Градоначалник** | **Управител** |
| **Борјанчо Мицевски** | **Татјана Величкова** |

Друштво за производство, трговија и услуги РИКИ-Јуниор ДООЕЛ Кочани